Д-р Методија Ангелески

# ДЕВИЈАНТНАТА И КРИМИНАЛНА КАРИЕРА НА ПРОСТИТУТКИТЕ
## (Резултати од едно емпириско истражување на проституцијата во Република Македонија)

1. Вовед

Проституцијата зазема значајно место во системот на социјално-патолошките појави.[1] Таа претставува закономерна и историски детерминирана реална појава што настанува и опстојува низ својот долговековен развој во сите организирани општества. Почетните примитивни начини на проституирање постепено се истиснувани од посовремени начини на проституција. Првичните форми на проституција се карактеризирале со делумна заостанатост на материјалниот елемент, но постапно на општествената сцена настанува целосна комерцијализација на сексот, што е особено специфично за современото општество во кое до посебен израз доаѓа поврзаноста на проституцијата со криминалитетот и со останатите социопатолошки појави.

Како во поранешните истражувања,[2] така и во последното покомплексно проучување на проституцијата во Република Македонија,[3] се покажа дека во неа е распространета женската хетеросексуална проституција, на која се оддаваат девојки и жени кои според социјалната, квалификационата и друга структура се наоѓаат на дното од општественото скалило. Женската хетеросексуална проституција во Македонија е урбана проституција,

---

1. Пошироко види: Д-р М. Ангелески, Проституцијата и нејзината поврзаност со другите социјално-патолошки појави, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Скопје, 2/1994, стр. 388-390.

2. Види: М-р М. Ангелески, Проституцијата во Македонија, Студентски збор, Скопје, 1987, стр. 93-162.

3. Последното истражување е спроведено во 1993 година на иницијатива на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности. Види: Д-р Љ. Арнаудовски, Д-р Љ. Чонева и Д-р М. Ангелески, Проституцијата во Македонија (труд во ракопис).

сконцентрирана, главно, во Скопје и во другите поголеми градови. Со тоа се потврдува теоретската поставка (а тоа го потврдува и практиката) дека градовите со своите урбани и други предности (можности за таен живот, полесно пронаоѓање клиенти, релативно полесен живот и сл.) претставуваат вистинска мамка за проститутките, особено за помладите што потекнуваат од помали места и од мигрантски семејства.

Според начинот на опстојувањето и според другите феноменолошки карактеристики, женската хетеросексуална проституција во Република Македонија се манифестира преку појавниот облик јавна проституција. За неа е карактеристично тоа што не се врши прикриено, туку јавно, претежно на отворен простор и на други јавни места кои потоа им станале познати не само на клиентите, туку и на локалното население. Всушност, се работи за проституција од најнизок класичен тип, преку која улични јавни проститутки на фрекфентни места, а заради гол опстанок и за релативно ниски цени, се проституираат со клиенти што имаат понизок материјален и општествен статус.

За проучувањето на личните и други карактеристики на проститутките, а со тоа и за одредувањето на суштината на проституцијата, значајно место заземаат, покрај другото, и девијантната и криминална кариера на проститутките, особено ако овие параметри се и емпириски проверени. Во понатамошниот дел од статијата го актуелизираме токму тој теоретски и практичен проблем на проституцијата, и тоа преку презентирање на емпириските резултати добиени во рамките на последниот научноистражувачки потфат изготвен по барање на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности, а под раководство на проф. д-р Љ. Арнаудовски.

## 2. **Девијантната и криминална кариера на проститутките и односите на власта кон нив**

Значајно е на ова место да се спомене дека со емпириското истражување беше опфатена само уличната проституција во Република Македонија. Уличната проституција, да се потсетиме уште еднаш, претставува облик на јавна трговија со сексуалноста од нејзиниот ранг, поради

што во литературата и се класифицира во проституција од ниско ниво.

Со истражувањето се потврдени општите поставки за природата на уличната проституција, познати во историјата на проституцијата. Меѓу нив, секако, спаѓаат и: презирот, етикетирањето, отфрленоста од општеството, прогонувањето и казнувањето на уличните проститутки. Особено е илустративен емпирискиот материјал за третманот на проститутките од страна на органите на прогонот, што, се разбира, е тесно поврзано со откривањето и следењето на девијантната и на криминалната кариера на уличните проститутки.

Според начинот на манифестирањето на уличната проституција како специфичен појавен облик на проституирање и воопшто според останатите нејзини фономенолошки особини, таа претставува најлесно дофатлива од сите досега познати видови на проституција, така што не е ни необјасниво, ни чудно, што полицијата и другите државни органи исклучиво неа (и тоа не којзнае како!) ја третираат. Затоа и велиме дека ако постои "светла бројка" на проституцијата тоа е токму онаа на уличната проституција.

Проучувањето на криминалната и воопшто на девијантната кариера на проститутките особено од средно ниво и понатаму останува вон дофатот на истражувачите од проста причина што, според официјалните евиденции на полицијата, која единствено ја следи распространетоста на оваа појава, такви облици на проституција не се регистрирани. Теоретичарите уште пред десетина години предупредуваа дека во Република Македонија постојат и некои облици на проституција од средно ниво (туристичка, саемска, деловна и др.) но изгледа дека нив се уште никој сериозно не ги сфаќа. [4]

Како релативно лесно препознатлива појава, уличната проституција и проститутките од тој ранг претставуваат позната категорија особено за полицијата која (заедно со

4. Види: М. Ангелески, Проституцијата во Македонија, Студентски збор, Скопје, 1987, стр. 104; М. Ангелески, Основните карактеристики на проституцијата во Македонија, со посебен осврт на Скопје, Скопје, 1982, стр. 117-118 (магистерски труд одбранет на Правниот факултет).

социјалните органи) е должна да ја открива и спречува. Токму заради тоа "недоразбирањата" и првичните конфликтни ситуации од судирот со органите на власта проститутките ги доживуваат при контактите со полицијата. Емпириските податоци го потврдуваат тоа.

Така, дури 70% од испитуваната група од 88 проститутки во Македонија имале конфликти со органите на прогонот (и тоа 61% од нив повремено и 9% постојано), а останатите при анкетирањето се произнесоа дека воопшто не дошле во судир првенствено со полицијата и со другите органи на власта или при службените контакти добро се однесувале со нив.

Интересно е да се одбележи дека најчесто конфликти со државните органи имале проститутките староседелки, односно оние со пријавен постојан престој во местото на нивното живеење. Ваквиот заклучок се наметнува од податокот дека повеќе од половината проститутки (58%) во местото на нивното постојано живеење повремено (50%) или постојано (8%) имале проблеми со овие органи. Тоа говори дека острилото на законот најчесто е свртено кон локалните проститутки со подолг проститутски стаж бидејќи како такви им се познати и им се на дофат на органите на прогонот, така што врз нив остваруваат поширок оперативен увид (што е карактеристично за полицијата). Останатите проститутки од редот на интерлокалните или патувачките (оние кои што често го менуваат местото на престој во Македонија), како и интернационалните (оние коишто заради проституирање заминуваат од нашата во друга земја или оние што за таа цел доаѓаат кај нас од други земји, што беше карактеристично во последниве неколку години со одвивањето на демократските процеси и со отворањето на границите во источноевропските земји), како да се поштедени од ова бидејќи не потпаѓаат под ударот на законот. Имено, проблеми со властите, главно повремено, имале само 3% од проститутките со привремен престој и 9% од оние кои воопшто не биле пријавени во местото каде што "ординираат" и каде што се затекнати за анкетирање.

Во службени простории на полицијата барем по еднаш биле приведувани 19% од анкетираните проститутки, додека скоро секоја втора проститутка (42%) повеќе пати е

приведувана од овластени службени лица на органите за внатрешни работи. Дека се постојано приведувани и прогонувани од полицијата се изјасниле 8% од проститутките.

Две третини од испитуваните проститутки се казнувани од страна на судијата за прекршоци поради оддавање на проституција. Најчесто се работи за парични казни (20% од проститутките се казнети еднаш парично, а 30% повеќе пати), додека казните затвор се релативно малку застапени. Така, со казна затвор по еднаш се казнувани 9% од испитуваната група проститутки, а 8% по два и повеќе пати. Заради проституирање и непријавен престој во местото на времено живеење на 6% од проститутките им е изречено и заштитна мерка оддалечување од местото каде што ги сториле прекршоците. Протерувани се по два и повеќе пати неколку проститутки кои повторно се враќале во нивното омилено место на проституирање.

Познато е дека проституцијата како социјално-патолошка појава е поврзана и со другите вакви појави, меѓу кои и со скитањето и со останатите облици на вагабондажа. Тоа е особено специфично за проститутките што индивидуално или организирано при т.н. "селидби" на проститутките ја крстарат земјата во потрага по клиенти. Заради нивниот специфичен modus operandi и поради мобилноста и широкиот radius operandi, таквиот тип на проститутки што, според јазикот на криминалистичката наука, ги нарекуваме патувачки, многу ретко се открива во криминалистичката практика, што е поврзано, се разбира, и со невоспоставувањето или со незаживувањето на централизиран зајакнат надзор и над проститутките како специфична категорија на делинквенти кои се неверојатно подвижни и со развиен осет за пронаоѓање клиенти од секоја општествена средина.

"Недофатливоста" на интерлокалните проститутки може да се согледа и од тоа што, на пример, од анкетираните 88 проститутки (повеќето од Скопје), само 8% се казнувани за скитање и исто толку за непријавено живеалиште и престојувалиште во местата кај што се затекнати. Во врска со ова донекаде е поврзано и немањето лична карта како прекршок, за кои се казнувани 6% од проститутките.

Покрај со наведените прекршоци, делинквентската кариера на проститутките е "збогатена" и со вршење на други облици на нарушување на јавниот ред и мир. Тоа е видливо од следниве емпириски показатели: за тепачки и за карање се казнети по 6% од вкупниот број испитанички; за дрско однесување и за пијанчење по 5%, како и 3% за други прекршоци.

Земено во целост, 39% од испитуваните проститутки од судот за прекршоци биле казнети за разни прекршоци (освен проституција) против јавниот ред и мир и против јавниот поредок. Ваквиот податок доволно илустративно ја отсликува делинквентската личност на проститутките, кои се јавуваат како политропни делинквенти не само по однос на вршењето прекршоци како казниви дела (што е поизразено според зачестеноста), туку и за казнените дела како деликти со најголема општествена опасност.

Често нагласуваната хипотеза во криминолошката литература и во теоријата на проституцијата за неизбежната поврзаност на оваа социјално-патолошка појава со криминалитетот е верифицирана и со ова истражување, кое на површина ја исфрли криминалната кариера на проститутките опфатени со анкетата. Емпириските податоци покажаа дека 20% од групата испитувани проститутки извршиле појавни облици на криминалитет, претежно од областа на класичниот криминалитет.[5] Проститутките најчесто вршат кражби (за што се казнувани 10% од нив), но и други видови казнени дела. Во врска со тоа проститутките се казнети за: подведување и посредување во вршење проституција - 5%, тешки телесни повреди - 3%, затајување и други деликти - 2%.

Покрај ова при истражувањето 10% од проститутките изјавиле дека се занимаваат со подведување и со посредување во вршење проституција. Повеќето од нив се на возраст од над 40 години и со подолг проститутски стаж. Со оглед дека се

5. Методија Ангелески во слично истражување спроведено во 1982 год. утврдил дека 16% од проститутките вршеле и криминалитет. (Види: М. Ангелески, Проституцијата во Македонија, стр. 159).

истиснати од проститутскиот "пазар" од помлади и повеќе барани нови проститутки, постарите проститутки "компензираат" на ваков начин и така заработуваат за егзистенција.

Инаку, според евиденциите на органите за внатрешни работи, од вкупниот број регистрирани проститутки во Република Македонија заклучно со 1991 година (262), една четвртина се казнувани заради проституирање (11% по еднаш и 14% повеќе пати). Освен ова 30% од проститутките се казнувани и за други прекршоци против јавниот ред и поредок (за тепачки 8%, за скитање 6%, за дрско однесување и за непријавен престој по 5%, за злоупотребување на алкохол 4%, како и за други прекршоци 2%). За вакви прекршоци најчесто се казнувани скопските проститутки, кои, впрочем, се и најбројни (217), што е сосем разбирливо. Според податоците на полицијата произлегува дека "најмирољубиви" се проститутките од Прилеп, Струга и Крушево, бидејќи за нарушување на јавниот ред и мир воопшто не дошле во судир со законот.

Евиденциите на органите за внатрешни работи покажуваат дека 19% од вкупниот број регистрирани проститутки во Македонија се казнувани и за сторен криминалитет, и тоа најчесто за кражби (меѓу кои и такви што се извршени над клиенти), потоа за посредување при вршење проституција, како и за други казнени дела.

## 3. **Наместо заклучок**

Проституцијата претставува социјално-патолошка појава, но истовремено таа е и девијантно поведение и социјален проблем, за чие проучување и контролирање во практиката во реално подносливи рамки е нужен мултидисциплинарен интегративен пристап. Навлегувањето во феноменолошките карактеристики на проституцијата од каков и да е ранг, па и во онаа од најниско ниво каква што е уличната проституција како типична, класична и индивидуална проституција, подразбира, наедно, и проучување на личните и други својства на индивидуите што се оддаваат на проституирање. При ова, од

значење се и девијантните однесувања и севкупната криминална кариера на проститутките, преку кои научните работници и практичарите што се занимаваат со нејзиното откривање, контролирање и превенирање се здобиваат со значајни сознанија за овој општествен проблем, кому во пошироки општествени рамки, за жал, не му се придава онакво внимание какво што заслужува.

**Литература**

1. М. Ангелески, Проституцијата во Македонија, Студентски збор, Скопје, 1987.

2. М. Ангелески, Проституцијата и нејзината поврзаност со другите социјално-патолошки појави, Ревија за КПК, 2/94, Скопје.

3. Љ. Арнаудовски, Љ. Чонева и М. Ангелески, Проституцијата во Македонија, РЗУСД, Скопје, 1993 (студија во ракопис).

4. В. Јаковлевиќ, Прилози за социјалну патологију, Слобода, Београд, 1984.

5. Д. Радуловиќ. Проституција у Југославији, Београд, 1989.

Dr. Metodija Angeleski

## The Deviant and Criminal Career of the Prostitutes

*The article presents research findings on the range and types of the prostitution in the Republic of Macedonia, and the governmental treatment of the phenomenon.*